**20210981520**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 255 став (7) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 302/20), министерот за внатрешни работи донесе

### РЕШЕНИЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК НА КОМИСИЈАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА ПРЕДАВАЧ И ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР ВО АВТОШКОЛАТА, КОНТРОЛОР, ИСПИТУВАЧ ПО НАСТАВНА ПРОГРАМА ОД СООБРАЌАЈНИ ПРАВИЛА И ПРОПИСИ (ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ) И ИСПИТУВАЧ ПО НАСТАВНА ПРОГРАМА ОД УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗИЛО (ПРАКТИЧЕН ДЕЛ) ВО ИСПИТЕН ЦЕНТАР

1. Со ова решение се определува паричен надоместок за претседателот и членовите на Комисијата за полагање на стручен испит за оспособеност на кандидатите за вршење работи на предавач и возач-инструктор во автошколата, контролор, испитувач по наставна програма од сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и испитувач по наставна програма од управување со возило (практичен дел) во испитен центар, во износ од 6.500,00 денари, по лице.

2. Паричниот надоместок од точка 1 од ова решение се исплатува на месечно ниво и тоа за месеците во кои се спроведени стручни испити, односно е извршена ревизија и ажурирање на базите на прашања, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1-39405/1
21 април 2021 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.